РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Бр. 03-2724/1

Скопје 30.06.2020г.

**Предмет: Дневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај **за 29-ти јуни 2020** година.

Во овој извештај Ве информираме дека започнавме со прегледување на снимките од програмата на радиодифузерите кои што не се снимаат во системот за мониторинг на Агенцијата. Според Упатството за потврдување на извештаите за платено политичко рекламирање, на 29 и на 30 јуни 2020 година, радијата и телевизиите ги испраќаат снимките за првите пет дена од изборната кампања.

Во текот на денот, уште еднаш, по електронска пошта сите овие радиодифузери беа потсетени дека снимки треба да испратат само доколку емитувале платено политичко рекламирање и само за реалните часови од денонокието кога тоа е емитувано.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**
.......................................................
**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје